Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран


**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***



***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.........................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА.............................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО...........................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ.............................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.....................................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН.........................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“..............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран......75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран......81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро......93

**Доц. д-р Биљана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот......113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион......125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран......137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион......147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран........................................................................................................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)........................................................................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион........................................................................................................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран...........................................................................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран........................................................................................................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран...................................................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-Р ВАНЃА ДИМИТРИЕВА – КУЗАМНОСКА**

СЕКОЈДНЕВНОТО КОРИСТЕЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ НОСИИ ВО УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ КАКО ЕДНА РАЗВОЈНА ТОЧКА ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН..........................................................................................................................219

**М-Р МАРИНА РАДОСАВЉЕВИЌ-БОЈЧЕВА, М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, М-Р КОСТАДИНКА ЧАБУЛЕВА**

ИПА ФОНДОВИ: МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.........................................................................................................................225

**БРАНКО БИЗОЕВ**

ДЕСТИНАЦИСКАТА МЕНАЏМЕНТ КОМПАНИЈА КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ И ГАСТРОНОМСКИ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.........................................................................................................................233

**ТИХОМИР РУЧКОМАНОВ**

ДОЈРАНСКА БАРТЕР БЕРЗА.............................................................................................245

**ПЕТРАНКА ЧАЛКОВ**

РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН......................................253

**ЕФТИМОВА ЕЛИЗАБЕТА, ДУКОВА МАЈА**

АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** …………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**М-р Марина РАДОСАВЉЕВИЌ-БОЈЧЕВА**
**М-р Зоран ТЕМЕЛКОВ**
**М-р Костадинка ЧАБУЛЕВА**

# ИПА ФОНДОВИ: МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

**Апстракт**

Туризмот е стопанска гранка која го опфаќа привременото патување на луѓето од едно до друго место заради задоволување на културни, рекреативни, здравствени и други потреби.

Дојран, како една од нашите најпознати туристички дестинации, е цел на многубројни проекти кои се финансирани преку инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Во Општина Дојран, во моментот, се имплементираат два проекта како дел од ИПА фондовите. Покрај овие проекти, Општина Дојран активно е вклучена и во неколку други проекти кои се реализираат зеднички со општините од соседните земји како дел од пограничната соработка.

Во периодот што следи потребно е побрз и поефикасен ангажман во искористувањето на финансиската помош затоа што остануваат уште неполни две години до завршувањето на ИПА програмата.

**Клучни зборови:** Европска унија, претпристапна помош, финансиска поддршка, туризам.

**Abstract**

Tourism is the industry that covers temporary travel of people from one place to another in order to meet the cultural, recreational, health and other needs.

Dojran, as one of our most famous tourist destinations, is the goal of many projects funded through the Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA).

In the Municipality of Dojran, at the moment, two projects are being implemented as part of IPA funds. Besides these projects, the municipality of Dojran is actively involved in several other projects that are implemented jointly with the municipalities of neighboring countries as part of cross-border cooperation.

In the coming period, more effective and faster engagement in the use of financial aid will be needed because there is less than two years until completion of the IPA program.

**Key words:** European Union, pre-accession assistance, financial support, tourism.

**Вовед**

На 17 јули 2006 година Европскиот совет ја донесе регулативата бр.1805/2006 со која го основаше инструментот за претпристапна помош (ИПА) и со тоа ги замени старите инструменти за финансиска помош кои важеа за периодот 2000-2006 година. ИПА ја превзема работата на петте претходни инструменти за финансиска помош (ФАРЕ, ИСПА, САПАРД, Инструментот за Турција и КАРДС) и на тој начин ја обедини целата претпристапна помош што ја дава Унијата.

Вкупниот износ на финансиски средства предложени за ИПА програмата за периодот 2007-2013 изнесува околу 12 милјарди евра, при што според Буџетот на ИПА за 2007-2010 сметано по компоненти за Република Македонија изнесува 619.290 милиони евра.

Табела бр.1 - Финансиски средства предложени за ИПА програмата за периодот 2007-2013 за Република Македонија [96]

| Компонента | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Транзициска помош и институционална надградба | 41.641,61 | 41.122,00 | 39.310,50 | 36.917,07 | 28.803,41 | 27.209,16 | 27.941,23 | 242.944,98 |
| Прекугранична соработка | 4.158,39 | 4.078,00 | 4.371,50 | 4.467,53 | 5.124,88 | 5.033,37 | 5.243,04 | 32.476,70 |
| Регионален развој | **7.400,00** | **12.300,00** | **20.800,00** | **29.400,00** | **39.300,00** | **41.038,53** | **51.800,00** | **202.038,53** |
| Развој на човечки ресурси | 3.200,00 | 6.000,00 | 7.100,00 | 8.400,00 | 8.800,00 | 10.380,00 | 11.200,00 | 55.080,00 |
| Рурален развој | 2.100,00 | 6.700,00 | 10.200,00 | 12.500,00 | 16.000,00 | 18.221,82 | 21.028,00 | 86.749,82 |
| Вкупно | **58.500,00** | **70.200,00** | **81.782,00** | **91.684,59** | **98.028,29** | **101.882,88** | **117.212,27** | **619.290,03** |

Извор: http://ec.europa.eu/enlargement/candidate

[96] http://ec.europa.eu/enlargement/candidate

График 1 - Буџет на ИПА сметано по компоненти за Република Македонија[97]




Извор: http://ec.europa.eu/enlargement/candidate

Туризмот е стопанска гранка која го опфаќа привременото патување на луѓето од едно до друго место заради задоволување на културни, рекреативни, здравствени и други потреби.

Дојран, како една од нашите најпознати туристички дестинации, е цел на многубројни проекти кои се финансирани преку инструментот за претпристапна помош (ИПА).

## Реализација на проектите

Финансиските средства исклучиво се доделуваат за однапред испланирани и разработени програми/проекти, на основа на дефинирани тендерски процедури. Утврдувањето на приоритетите се одвива преку неколку јасно утврдени фази кои меѓусебно се поврзани и се нарекуваат програмски или проектен циклус.

Европската комисија користи модел на проектен циклус, кој се состои од пет фази и тоа: програмирање, идентификација, формулација, спроведување, евалуација и ревизија.

## Планирани и имплементирани проекти во Дојран

Општина Дојран е една од општините каде во моментов се имплементираат два проекта како дел од ИПА фондовите и тоа:[98]

[97]http://ec.europa.eu/enlargement/candidate

***"Споделување на разликите кон заеднички културен развој"***финансиран од Европска Унија (IPA Cross Border Programme) во вредност од 299.920,47 евра имплементиран од Општина Невестино (Бугарија), каде Општина Дојран е партнер во проектот. Датум на завршување 31.03.2013 година.

Рокот за реализација на овој проект е 22 месеци и во текот на овие месеци ќе бидат спроведени низа истражувања, записи и снимања на културните традиции во двете општини, обуки за млади на разни теми од областа на фолклорот, уметноста и богатото творештво, па се до презентација на локалната културна традиција, во рамките на меѓународните манифестации "Дојрански ракувања" и "Струма пее". Напоредно со ова, во преоктот е предвидено и изградба на два значајни инфраструктурни зафати во двете општини кои го реализираат заедничкото проектно партнерство, а тоа се: Летната сцена со изложбен простор во Дојран и изградбата на Културно-информативен центар во Невестино.

***"Трансформирање на линиите на поделба во точки на кохезија"***финансиран од Европска Унија (IPA Cross Border Programme) во вредност од 294.575,81 евра имплементиран од Општина Дојран, каде Општина Ќустендил (Бугарија) е партнер во проектот. Датум на завршување 03.11.2012 година.

Покрај овие проекти, општина Дојран активно е вклучена и во неколку други проекти кои десетте општини од Југоисточниот дел на државата ги реализираат зеднички со општините од соседните земји како дел од пограничната соработка. Еден од нив е и проектот ***"Соработка за основање на центар за вработување и бизнис и организирање на регионален саем за промоција на општините"*** финансиран од Европска Унија (IPA Cross Border Programme) во вредност од 230.000,00 евра имплементиран од Општина Гевгелија, каде Општина Дојран е партнер во проектот[99].

**Препораки за македонските власти – Препораки за поефикасно искористување на средставата од ИПА**

Информирањето и подучувањето, односно стекнување на знаење за проектниот начин на размислување, треба да започнат доста време пред распишување на повикот за поднесување на предлогот на

[98] http://www.dojran-info.com
[99] http://www.dojran-info.com

проектите за фондовите на ЕУ. Овие знаења треба да бидат универзални, односно применливи за сите видови на фондови.

Во прилог се дадени препораките за македонските власти за поефикасно искористување на средствата од ИПА фондовите и тоа:

***а) поедноставна постапка за апликација и реализација на проектите****(во прилог е прикажена постапката која што се применува за алокација и реализација на проектите)*

- Дефинирање на проектот
- Стратегија на проектот
- Организација на проектот
- \- избор на организационата структура
- \- процес на избор на пректот односно на проктните идеи
- Процес и квалитет на проектот
- \- процес на раководење
- \- квалитет на проектирањето
- \- планирање на проектот
- Човечки ресурси
- \- тим
- Осмислување и спроведување
- Буџет и терминирање
- Надзор над проектот
- Контрола и оцена на проектот
- Ревизија на проектот

***б) информирање на целната група на непрофитниот сектор за можностите и начинот на добивање на финансиски средства од претпристапните фондови***

Се предлага основање на Центар за проекти (ЦП) во рамките на административните центри на управните органи или дури и во секој центар на локалната самоуправа. Тој ќе располага со сите информации за расоложивите фондови и со податоци за секој од нив, кои се потребни на сите заинтересирани субјекти. Центарот мора да поседува база на податоци на потенцијалните корисници.

***в) информирање и едукација за стратешките документи чие познавање е потребно за избор на добра проектна идеја***

Проектниот центар ќе биде место каде ќе се организираат семинари, инфо денови, тркалезни маси, работилници за стратешките документи од значење за познавање на функционирањето на европските фондови и за избор на содветна проектна идеја.

***г) прикажување на примери од добра пракса, односно на успешно реализирани проекти***

Треба да се има установа-институција која ќе расолага со податоци за реализираните проекти, предадените апликации, добиените средства, нивната поделба по области, по партнери, по локации на реализацијата и сл. Ваква евиденција во моментот во РМ не постои. Во РМ мора да има и архива на проектите.

Претставувањето и публицирањето на неуспешните проекти е исто така особено значајно.Се мисли дека успешните проекти сеуште се третираат како тајна во нашата пракса. Напротив нивното истакнување треба да биде предмет на обука. Тоа значи дека треба да се организираат семинари и работилници, каде до најситни детали би се анализирале како добрите така и неуспешните примери на реализирани проекти. Особено внимание треба да се посветува на локалната самоуправа.

***д) едукација за начинот на пополнување на апликациите за проектните пријави, за управувањето со проектнот циклус и формирањето на буџетот***

Треба да постои детална, квалитетна обука спроведена од страна на признати експерти. Советодавната помош во рамките на Центарот за проекти, ќе обезбеди детално објаснување на Водичот за пополнување на апликациите и ако треба ќе ги упатува на локалните канцеларии кои ги организира ЕК.

***ѓ) информирање на целната група за излегувањето на конкурсот (повикот) за предавање на предлозите на проектите***

Веб сајтот на Центарот на проектите треба да содржи информации за повикот.Центарот треба да ја користи својата база на

податоци за континуирано информирање. Потребно е Центарот да издава и свои гласила за информирање (билтени, магазини и сл.).

***е) помош во англискиот јазик***

Владините организации, пред се министерството за финансии како носител на оваа работа, мора да обезбедат превод на сите документи (повикот за предавање на предлогот на проектот, водичот за аплицирање, апликацијата, стратешките документи) на англиси јазик, кое ќе го олесни нивното користење. Проектниот центар пак, ќе обезбеди помош за преведување од локалниот јазик на јазикот на апликацијата, доколку тоа им е потребно на апликантите.

***ж) едукација за имплементацијата (примена на ПРАГ, евалуација, мониторинг и ревизија)***

Во секоја институција која ќе биде корисник на средствата од ИПА инструментот за помош, мора да се обезбеди редовна контрола на текот на парите и нивното наменско трошење, одвоено од контролата на проектните активности. Оваа функција мора да биде одвоена од контролата на користењето на останатите финансиски средства. Во случај на непостоење на доволно знаење во овие сфери, стручната обука треба да претходи на дистрибуцијата на помошта и истата да ја следи.

## Заклучок

Врз основа на податоците кои ни беа достапни во истражувањето, не може прецизно и целосно да се утврди односот на расположливите со искористените пари од ИПА програмата.

Потребно е побрз и поефикасен ангажман во искористувањето на финансиската помош затоа што остануваат уште неполни две години до завршувањето на ИПА програмата.

Во периодот што следи во Република Македонија е потребно да бидат унапредени институционалните и административни капацитети кои раководат со Програмите на ЕУ, за да може средствата наменети за Република Македонија да се повлекуваат во што поголем износ и да бидат искористени на што подобар начин. Исто така е потребно да бидат пружени повеќе информации за Програмите на ЕУ, кои ни се на располагање, за да може проектите благовремено да се подготвуваат и

да се кандидираат за користење на средствата од новиот предпристапен фонд ИПА.

## Литература

1. Инструмент за претпристапна помош (ИПА) - факти, статус, поставеност, Владана Република Македонија, Скопје, јули 2009.
2. ИПА Студија - ДРАФТ Верзија, Македонски Центар за Европско Образование, 2009 .
3. Туризам во Република Македонија, Државен завод за статистика, Скопје, 2009.
4. Заостанување на Македонија во ефикасното искористување на ЕУ фондовите - ИПА, Аналитика, декември 2009.
5. MojmirMrak, VancoUzunov, EU Development Funds and the Republic of Macedonia, Sector for European Integration, Government of the Republic of Macedonia, May 2005.
6. Government of the Republic of Macedonia, Donors in the Republic of Macedonia, Secretariat for European Affairs, Government of the Republic of Macedonia, December 2005.
   http://www.dojran-info.com
   http://www.tip-macedonia.com.mk
   http://ec.europa.eu/